„Во иднината ќе се појави себичност и злоупотреба (од владетелот) и работи кои ќе ги осудувата ,Аллахов Пратенику, што ни наредуваш?‘, прашале асхабите. ,Извршете ја обврската што ја имате и побарајте го од Аллах правото што ви припаѓа‘“– одговорил Пратеникот

Од Ибн Месуд, радијаллаху анху, се пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Во иднината ќе се појави себичност и злоупотреба (од владетелот) и работи кои ќе ги осудувата ,Аллахов Пратенику, што ни наредуваш?‘, прашале асхабите. ,Извршете ја обврската што ја имате и побарајте го од Аллах правото што ви припаѓа‘“– одговорил Пратеникот.
[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè информирал дека со муслиманите ќе владеат водачи кои ќе ги присвојуваат нивните имоти и други овосветски работи. Ќе ги трошат како што сакаат и нема да им го дадат правото кое им следува муслиманите во тој имот. Ќе прават и работи во верата кои муслиманите ќе ги негираат (ќе ги сметаат за недозволени). Асхабите, радијаллаху анхум, прашале: Што да се прави во таква ситуација? Пророкот, алејхи селам, ги известил дека не треба да ги спречи тоа што нивното право е узурпирано од обврската што ја имаат кон владетелите, да бидат трпеливи, послушни и покорни и да не креваат побуни против нив. Побарајте го правото кое го имате од Возвишениот Аллах, и побарајте од Него да ги поправи владетелите и да ве заштити од нивното зло и неправда.

https://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3156